Здружение на граѓани ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје
Примено 11.12.2020
| Орг. един. | Број | | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 0305 | 54 | | |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 14-12-2020
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| --- | --- | --- | --- |
| 25 | 19/3 | / | / |

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија за развој на социјалното претприемништво**

(Име на проектот)

Скопје, 10. 12. 2020 година
(Место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување финансиска поддршка | бр. 29-187/2 склучен на 18.10.2019 година |
| Име на здружението/фондацијата корисник | ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување |
| Наслов на проектот | Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија за развој на социјалното претприемништво |
| Период на спроведување на проектот | од 18.10.2019 година до 30.11.2020 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Бојан Јовановски и Ива Михајловска |
| Проектен менаџер | Драгана Каровска Чемерска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 075 533 567, dragana.karovska@hera.org.mk |
| Цел на проектот | - Да се создаде поволна клима за развој на социјалното претприемништво во АППРСМ и да се вклучат социјалните бизниси како засебна целна група на Агенцијата.<br>- Да се создаде мрежа од експерти и организации кои ќе го промовираат СП, ќе поттикнуваат партнерства и ќе даваат поддршка во развој на новите социјални бизниси. |
| Целна група | АППРСМ и менторската мрежа на АППРСМ |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Република Северна Македонија (регионалните центри на АППРСМ), проектот се спроведуваше во Скопје |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка) | 599.950,00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 543.303,00 ден. |

## 2. Резиме - Кратокпреглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот.
(Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Како почетна активност во проектот се реализираше Проценката на капацитетите и потребите на АППРСМ од страна на внатрешните експерти во ХЕРА. За таа цел се подготви методологија и се развија алатките за истражување на знаењата, ставовите и вредностите на вработените во Агенцијата како и претставниците на нејзината менторска мрежа. По спроведените интервјуа и направената деск анализа беше подготвен и финалниот текст на Проценката која понатаму беше дизајнирана и отпечатена. Публикацијата содржи и препораки за тоа во која насока и во кои области треба да се одвива понатамошното градење на капацитетите на Агенцијата во однос на социјалнот претприемништво за поефективно воведување на овој концепт во нејзината понатамошна работа. Овие препораки беа презентирани и земени предвид за време на финалната Работилница на која се развиваше Акцискиот план на Агенцијата за воведување на социјалното претприемништво во нејзината програма. Акцискиот план развиен од страна на ХЕРА и модераторката на Работилницата е предложен на Агенцијата за да го вклучи во својата Програма за работа.

Истовремено се работеше на развивање на Инфо листот кој ги содржи основните информации за проектот како и Инфо весникот кој ги содржи главните резултати. Заради новонастанатата ситуација со ковид-19 пандемијата, тие се издадени само во електронска верзија.

По спроведената проценка, беа дизајнирани две обуки од кои едната за вработените во Агенцијата а другата за претставници од нејзината менторска мрежа. Програмите на овие две обуки опфаќаа запознавање со работата на ХЕРА во оваа област, дефинирање и критериуми кои важат во социјалната економија и социјалното претприемништво, спецификите во бизнос планирањето кога станува збор за социјално претприемништво, претставување на повеќе социјални претпријатија од земјата и дискусија со нив и конечно, примена на овој концепт во работата на АППРСМ. На обуките учествуваа 8 ментори и 6 вработени од Агенцијата.

Обуките беа спроведени онлајн заради заштита од Ковид-19 иако на учесниците им беше понудено и организирање на истата со физичко приуство. Заради оваа состојба, тимот донесе одлука да изработи и Џебен прирачник за социјално претприемништво кој ќе им биде доставен во печатена верзија на сите ментори како алатка во нивната понатамошна работа.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Активност 1. Проценка на капацитети и потреби на АППРСМ во однос на социјалното претприемништво. | Проценката на капацитетите и потребите на АППРСМ се спроведе од страна на внатрешните експерти во ХЕРА. За таа цел се подготви методологија и се развија алатките за истражување на знаењата, ставовите и вредностите на вработените во Агенцијата како и претставниците на нејзината менторска мрежа. Беа спроведени интервјуа со 10 вработени лица во АППРСМ и 8 претставници на менторската мрежа. По спроведените интервјуа и направената деск анализа беше подготвен и финалниот текст на Проценката која понатаму беше дизајнирана и отпечатена. Публикацијата содржи и препораки за тоа во која насока и во кои области треба да се одвива понатамошното градење на капацитетите на Агенцијата во однос на социјалното претприемништво за поефективно воведување на овој концепт во нејзината понатамошна работа. Овие препораки беа презентирани и земени предвид за време на | Јануари – септември 2020 | Подготвена и публикувана Проценка на капацитетите и потребите на АППРСМ<br><br>Извлечени препораки од проценката и презентирани на вработените во АППРСМ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | финалната Работилница на која се развиваше Акцискиот план на Агенцијата за воведување на социјалното претприемништво во нејзината програма.<br>Според Проценката вработените и менторите во АППРСМ ги поврзуваат социјалните претпријатија (најчесто) со работна интеграција на социјално ранливи заедници на граѓани. Агенцијата нема доволно знаење со кои општествени проблеми може да се занимаваат социјалните претпријатија, како и кои се придобивките за државата од нивното работење. Една од претпоставките е дека ваквото разбирање за социјалното претприемништво во Агенцијата е резултат на фактот што во Македонија не постои законска регулатива која го уредува работењето на социјалните претпријатија. Постои солидна поддршка од домашните и меѓународните партнери за развивање на капацитетите на Агенцијата во претприемништвото, но не и кога станува збор за концептот на социјални претпријатија. Иако Агенцијата организира повремени обуки за општествено одговорни претпријатија и социјално претприемништво, сепак, тие не се доволни за да се добие подобро разбирање за важноста на социјалните бизниси. Социјалното претприемништво е слабо препознаено и во рамките на развојните активности на Агенцијата.<br><br>Во активностите за едукација на Агенцијата потребно е посебно внимание да се обрне на (1) основните карактеристики на социјалните претпријатија, (2) разликите во деловното работење на социјалните претпријатија наспроти традиционалните бизниси, (3) законското регулирање и социјално претприемништво и (4) | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | моделите на успешни социјални претпријатија во државата и во светот. Соработката што постои со Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП, како и со Јапонската агенција за меѓународна соработка – Џајка, носи потенцијал за зголемување на капацитетите во оваа област, преку давање техничка поддршка. Претприемничкото образование, програмата за самовработување и ваучерскиот систем може да бидат потенцијални активности преку кои посериозно би се вклучило социјалното претприемништво во програмата на Агенцијата, особено за младите претприемачи. Се препорачува надворешна поддршка, со цел во иднина не само преку обуки туку и преку предлагање на конкретни мерки, придобивките да ги почувствуваат микро, малите и средните претпријатија, како и младите потенцијални претприемачи кои би сакале да започнат со социјален бизнис.<br><br>Анекс 1: Електронски и печатен примерок од Проценката | | |
| Активност 2. Обука за екосистемот за социјални претпријатија во РСМ и модели на социјални претпријатија. | По спроведената проценка, беа дизајнирани две обуки од кои едната за вработените во Агенцијата а другата за претставници од нејзината менторска мрежа. Програмата на тродневната обука која се спроведе од 2 до 4 септември 2020 година, опфати запознавање со работата на ХЕРА во оваа област, дефинирање на социјалната економија и критериуми кои важат во социјалното претприемништво, спецификите во бизнис планирањето кога станува збор за социјално претприемништво, претставување на социјални претпријатија од земјата и дискусија околу овие теми, и конечно сесија за дискутирање околу примената на овој концепт во работата на АППРСМ. На обуката учествуваа 6 вработени од Агенцијата. | Септември 2020 | Обучени 60% од вработените во АППРСМ, кои се од клучни позиции во Агенцијата кои можат да направат понатамошна промена.<br><br>Во текот на проектот, два пати имаше промена на Директорот на АППРСМ и заради тоа не беше можно континуирано застапување на темата социјално претприемништво. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Обуката беше спроведени онлајн со користење на зум платформата заради заштита од Ковид-19 иако на учесниците им беше понудено и организирање на истата со физичко приуство. Заради оваа состојба, тимот донесе одлука да изработи и Џебен прирачник за социјално претприемништво кој им е доставен во печатена верзија на вработените и на сите ментори како алатка во нивната понатамошна работа.<br><br>Анекс 2: Агенда на обуката | | |
| Активност 3. Работилница за изработка на развоен план на АППРСМ за воведување на СП во програмата за работа на АППРСМ. | Работилницата за изработка на развоен план на АППРСМ за воведување на социјалното претприемништво во програмата за работа на Агенцијата се одржа на 13.11.2020 во х. Холидеј Ин. Присутни беа 4 вработени од Агенцијата и еден претставник од менторската мрежа на Агенцијата. Дополнително, работилницата ја модерираше претставничка од граѓанската организација „Паблик" која ја подготви Националната Стратегија за социјално претприемништво. Претставничка од ХЕРА ги претстави наодите од Проценката и дадените препораки за иден развој. Беше развиена дискусија и врз основа на тоа што беше договороено беше развиен акциски план кој и е понуден на АППРСМ за усвојување за наредната 2021 година.<br><br>Анекс 3: Агенда на работилницата<br>Анекс 4: Акциски план | Ноември 2020 | Спроведена една Работилница<br><br>Развиен еден Акциски план на АППРСМ за воведување на социјалното претприемништво во програмата за работа |
| Активност 4. Обука за СП на менторската мрежа на АППРСМ. | Програмата на тродневната обука која се спроведе од 9 до 11 септември 2020 година, опфати запознавање со работата на ХЕРА во оваа област, дефинирање на социјалната економија и критериуми кои важат во социјалното претприемништво, спецификите во бизнис планирањето кога станува збор за социјално претприемништво и разграничување на тоа што е социјално претпријатие а што традиционален бизнис, претставување на социјални претпријатија од земјата и дискусија со нив околу овие теми и | Септември 2020 | Обучени 8 ментори кои покажаа интерес за стекнување нови знаења од оваа област. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | предизвиците со кои се соочуваат, и конечно сесија за можноста како да го воведат социјалното претпремнитво во процесот на менторирање. На обуката учествуваа 8 ментори од менторската мрежа на Агенцијата.<br><br>Обуката беше спроведени онлајн со користење на зум платформата заради заштита од Ковид-19 иако на учесниците им беше понудено и организирање на истата со физичко приуство.<br><br>Анекс 5: Агенда на обуката | | |
| Активност 5. Промоција на СП како алатка од јавен интерес. | Заради состојбата со ковид-19 пандемијата сите предвидени промоции, настани и средби во живо беа откажани и заради тоа оваа активност се сведе на промовирање на соработката на социјалните мрежи. Освен што беше објавувана информација за спроведените обуки, беа дизајнирани и 6 електронски банери кои беа промовирани на социјалните мрежи. Беше промовирана соработката и наодите од проценката. Дополнително, проценката и прирачникот како електронски изданија е бидат достапни на интернет страната на ХЕРА а ќе бидат понудени и на АППРСМ да ги вклучат во содржината на својата интернет страна. Беа дизајнирани и Инфо лист и инфо весник за претставување на резултатите од проектот и прикачени на страната на ХЕРА.<br>Во понатамошниот период, ХЕРА ќе продолжи да известува за активноста на Агенцијата во областа на социјалното претприемништво.<br><br>Анекс 6: Извештај од кампања спроведена на Facebook<br>Анекс 7: Инфо лист<br>Анекс 8: Инфо весник | Во текот на целиот проект | Дизајнирани 6 електронски банери и промовирани на социјални медиуми<br><br>Дизајнирани електронски Инфо лист и Инфо весник<br><br>Испечатена Проценка за капацитетите и потребите на АППРСМ во однос на социјалното претприемништво<br><br>Испечатен Џебен прирачник за социјално претприемништво |
| Активност 6. *(дополнителна) Џебен прирачник за социјално претприемништво | Со цел да се зголеми информираноста и познавањата на вработените во АППРСМ и менторите од менторската мрежа со концептот на социјално претприемништво и воведување во својата работа, дополнително тимот донесе одлука да развие и посебна, специјално дизајнирана публикација која ќе одговори на | Ноември 2020 | Испечатен Џебен прирачник за социјално претприемништво |


www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| | прашањата и потребите кои ги имаат тие во врска со оваа тема. Инаку, прирачникот дава увид во потребата од социјалните претпријатија и нивната улога во социо-економските реформи. Понатаму, дава преглед на пет социјални претпријатија од земјите членки на Европската Унија, по што следи преглед на десет постоечки социјални претпријатија од земјава кои оперираат според различни законски рамки со цел да се прикаже нивната разновидност и улога во општеството. На крај, во согласност со утврдените потреби, прирачникот дава увид во клучната терминологија која е релевантна за секторот, како и за обезбедување заедничко разбирање за истиот.<br><br>Анекс 7: Електронска и печатена верзија на Прирачникот | | |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во текот на проектот два пати имаше промена на Директорот на АППРСМ и имаше потреба од повеќекреатно застапување за спроведување на проектот. Беше потпишан Меморандум за соработка но заради оптетеретеност на Агенцијата со обврски и малиот тим на вработени, активностите често се одложуваа. Истовремено, настапи ковид-19 пандемијата заради која голем дел од активностите се одложија на подолг период и/или се спроведоа онлајн, меѓу кои и интервјуата во рамки на Проценката и двете обуки за социјално претприемништво предвидени за вработените и менторите во АПППРСМ. Заради измената во начинот на спроведување на активностите, беше неопходно да се пренаменат средствата, и да се вклучи дополнителна активност заради поуспешно постигнување на целите на проектот.
Задоцнетата изработка на дел од продуктите за промоција го скусија и периодот за нивна промоција, но, тоа беше премостено со зголемување на интензитетот на обкјави во пократок период.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Публикација: Проценка на капацитети и потреби на АППРСМ во однос на социјалното претприемништво | | 100 | Објавено на интернет страна на ХЕРА |
| Публикација: Џебен прирачник за социјално претприемништво | | 100 | Објавено на интернет страна на ХЕРА |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Електронски банери за промоција на социјално претприемништво како алатка од јавен интерес | | 6 | Промовирано на фејсбук страната на ХЕРА |
| Инфо лист и инфо весник за резултати на проектот | | 2 | Објавено на интернет страна на ХЕРА<br><br>Инфо весникот ќе биде испратен на медиуми за известување за резултатите од проектот |

## 6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Вклучените во проектот од АППРСМ и менторската мрежа искажаа големо задоволство од целиот процес на проверка а потоа и градење на нивните капацитети. Искажаа подготвенот за соработка и вклучување на социјалното претприемништво во нивната работа. Веќе се препознаени како еден од актерите за спроведување на стратегијата за социјално претприемништво цо РСМ. Развиениот акциски план е основа за продолжување на нивната активност во оваа област и начин како да се следи нивниот напредок во остварување на целите.
Токму во спроведување на акцискиот план се гледа одржливоста на проектот па затоа е од исклучителна важност да биде вклучен во Програмата за работа за 2021 на АППРСМ.
Дополнително, прирачникот кој што беше изработен е пишан материјал кој ќе го добијат и оние кои не беа вклучени во проекто, но и оние ментори кои сополнителни ќе влезат во менторкста мрежа на АППРСМ.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според Буџетот на Предлог-проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | | | |
| Плати | 180.000,00 | 180.000,00 | |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | | | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | | | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | | | |
| Транспорт | 12.000,00 | 12.000,00 | |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (спецификирај) | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | | |
| Канцелариски материјали | 18.010,00 | 18.389,00 | |
| Други трошоци (спецификирај) | 46.000,00 | 38.236,00 | |
| **V. Други директни трошоци** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **(вкупно)** | | | |
| Трошоци за комуникација<br>Интернет | | | |
| Банкарски провизии | | | |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | |
| Користење канцеларија | 25.000,00 | 25.000,00 | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | 15.000,00 | 15.000,00 | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно) -** *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | |
| Договори за услуги | 170.700,00 | 169.700,00 | |
| Изнајмување простории за организирање настани | 31.500,00 | 19.258,00 | |
| Публикации | 43.000,00 | 41.950,00 | |
| Конференции и работилници | 28.400,00 | 13.030,00 | |
| Комуникациски продукти | 30.340,00 | 22.740,00 | |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | **599.950,00** | **543.303,00** | |

**8. Документација**
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 11 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

__Скопје, 10.12. 2020 год.
(Место) (датум)

Бојан Јовановски, Извршен директор, ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)